РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 – 2556/1
30 -07- 2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 37 - та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-2996/1 од 18.11.2025 година против службеното лице --------- Заменик директор на Агенцијата за -------------, СЕ ОТФРЛА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 09-2996/1 од 18.11.2025 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи дека лицето --------- Заменик директор на Агенцијата за ------------- од 25.12.2019 година ја врши функцијата до поднесување на пријавата, а дека истовремено истото лице врши и функцијата член на Совет во општина ------------, што претставува јасен и недозволен судир на интереси, спротивно на законските одредби за спречување на паралелно вршење јавни функции кои создаваат зависност или влијание меѓу институциите. Дополнително, постојат наводи во пријавата дека службеното лице ------------ нема поднесено анкетен лист за функцијата заменик директор.
Заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите во пријавата, ДКСК направи проверка во Базата за евидентирање на Анкетни листови и изјави за интереси, при што утврди дека лицето ------------ на ден 25.12.2019 година е именуван на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

функцијата Заменик директор на Агенцијата за --------------, по што има поднесено Анкетен лист во законски утврдениот рок, односно на 15.01.2020 година.
На лицето ------------ на ден 18.11.2025 му престанала функцијата Заменик директор на Агенцијата за -------------, за што во новата административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси со бр. А0801-3981 на ден 02.12.2025 година има поднесено промена односно престанок од функцијата Заменик директор на наведената агенција.
Понатаму, лицето е именувано за член на Совет во општина ----------- на ден 13.11.2025 година со Решение бр. 11-839/1 и ова именување во административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, го има пријавено на ден 30.11.2025 година, со бр. А0801-3825.
Согласно член 82 став 1 и став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, службеното лице --------- ја има исполнето својата законска обврска и има пријавено престанок од функцијата Заменик директор на Агенцијата за ------------ и именување на функцијата член на Совет во општина -----------.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 29.07.2026 година одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk